Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 11.10.2022

На 10.10.2022 околу 19.40 часот на место викано „Страиште", во близина на Валандово, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор „Стар Дојран" го лишиле од слобода С.Л.(23) од с.Сопотница, демирхисарско. При преглед во товарно возило „мерседес", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, во спијалино направен бункер во возилото, биле пронајдени 44 лица мигранти од Сирија, од кои 14 малолетници. Мигрантите биле спроведени во прифатно-транзитен центар, а лицето било приведено и задржано во Полициската станица Гевгелија. Во координација со Јавен обвинител, по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (11.10.2022) во 04.15 часот на ул.„Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(26) од Скопје. Тој бил затекнат при обид да изврши „тешка кражба" во куќата на М.С.(30) од Скопје. Кај него бил пронајден и одземен предмет поврзан со кривичното дело. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2022 во 19.45 часот на ул.„Ило Полутешка" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода А.Р.(21) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување кражба од домот на Г.К. во Прилеп. Кај него бил пронајден ларичиќ со пари и лични документи, кој бил вратен на сопственикот. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2022 во 16.45 часот на подрачјето на Бит Пазар-Скопје, полициски службеници од Единицата за брза интервенција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ф.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.10.2022 во 22.20 часот на ул.„Јосиф Јосифовски" во Ресен, полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Ресен ги лишиле од слобода Х.К.(20) с.Сопотско, ресенско и двајца 17-годишници од Ресен. При преглед кај нив, кај Х.К. била пронајдена и одземена марихуана, која ја купил претходно од едниот од малолетниците. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2022 во 16.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово лишиле од слобода малолетник од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.10.2022 во 11.45 часот на бул.„Туристичка" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го лишиле од слобода В.Н.(36) од Охрид. При преглед во паркирано возило „шкода", со охридски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (10.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 174 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 10 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, две санкции за возење под дејство на алкохол, осум санкции за возач почетник. Изречени се 11 мерки за користење мобилен телефон при возење, 14 санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, три мерки за вградени неатестирани фолии (затемнети стакла), 11 мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 10.10.2022 во 09.41 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Македонско-косовска бригада" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел корса", управувано од Н.А.(30) од Скопје и патничко возило „фолксваген пасат", управувано од З.З.(21) од с.Визбегово, скопско, двете со скопски регистарски ознаки. Од здобиените повреди на местото на несреќата починала сопатничката во возилото „опел корса", А.Е.(79) од Скопје. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош, а увид извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатата било дадено на одбукција.

На 10.10.2022 во 09.50 часот во Полициската станица Центар, Е.С.Р.(45) од Скопје пријавила дека во Градскот парк била касната од куче скитник.

На 10.10.2022 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Св.Кирил и Методиј" во Скопје, мотоциклот „дукати" со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.Т.(43) од Скопје, удрил во пешакот С.М.(82) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил С.М., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 10.10.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.К.(56) од Скопје пријавила дека на бул.„Србија" била касната од куче скитник.

На 10.10.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Карпош, Д.Б.(86) од Скопје пријавил дека на ул.„Франц Месезнал" бил каснат од куче скитник.

Денеска (11.10.2022), во периодот од 07.30 часот до 11.45 часот, од полициски службеници од СВР Тетово лишени од слобода се пет лица: Д.Л.(23), Б.Д.(18), В.Л.(19), Л.Ш.(24) и А.Ш.(24), сите од Тетово, поради сомнение дека непосредно биле инволвирани во двата физички напади пријавени завчеравечер (на 09.10.2022). Имено, Секторот за внатрешни работи Тетово ги расчисти нападите кои се случиле на улиците „133" и „Благоја Тоска" во Тетово, а во кои еден 16-годишник од Тетово беше повреден со остар предмет. Петте лица се задржани во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 11.10.2022 во 00.05 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.К.(34) од Битола. Тој се сомничи дека на 10.10.2022 околу 13.30 часот во Битола прикажал порнографски материјал од својот мобилен телефон на малолетничка. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени предмети поврзани со кривичното дело. Тој бил приведен во полициска станица и во службен разговор го признал делото. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2022 Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 158 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 79 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 79 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (10.10.2022), во периодот од 09.00 до 14.00 часот, Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на целата држава за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи при управување на товарни моторни возила. При контролата 80 товарни моторни возила биле упатени на понаведени технички преглед од кои неисправни биле 57 товарни моторни возила и тоа: седум за техничка неисправност на уредот за запирање, шест за претовар, шест за неправилно сместен и небезбеден товар, а 14 возачи управуваат без возачка дозвола. За време на контролата санкционирани се и 104 останати прекршоци.

На 10.10.2022 во 17.30 часот на ул.„Бутелска" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.К.(48), Е.Е.(39) и Н.К.(20), сите од Скопје, затоа што околу 16.30 часот на бул.„Гоце Делчев", по расправија, со пиштол ме се заканиле на И.М.(38) од с.Сингелиќ, скопско. По земањето на мерки пиштолот бил пронајден, а по целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2022 во 17.45 часот на ул.„68" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Ц.(48) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.10.2022 во 19.50 часот во СВР Скопје, С.М.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Кеј Димитар Влахов", А.Д.(33) од с.Страхојадица, општина Зелениково, физички го нападнал со тврд предмет и го оштетил неговото возило. Против А.Д. бил поднесен соодветен поднесок.

Денеска (11.10.2022) во 09.00 часот во СВР Тетово е пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Кичево, на Церовски мост, се случила сообраќајна несреќа во која учествувале патничко возило „фолксваген голф", со охридски регистарски ознаки, што го управувала М.П.(21) од Кичево и мотоцикл „сузуки", со корејски национални ознаки, управуван од К.Ј.И.(72), државјанин на Република Кореја.Во несреќата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, а М.П. со телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 10.10.2022 во 18.25 часот на ул.„Симеон Кавракиров" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(36) од с.Црешево, скопско, со престој во Скопје, затоа што околу 18.10 часот со пиштол се закаинил на В.Ш. и на уште едно лице. Пиштолот бил пронајден и одземен, а Д.К. бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.10.2022 во 00.30 часот во Полициската станица Карпош, Б.Б.(18) од Скопје пријавил дека на 09.10.2022 околу 01.30 часот на ул.„Јурин Гагарин", поради нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од А.С. од Скопје, а М.Г. на него и на неговите другари му се заканувало со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.10.2022 во 13.40 часот во Полициското одделение Новаци – СВР Битола, З.М.(50) и Д.М.(24), двајцата од Битола, пријавиле дека во атарот на с.Чарлија биле физички нападнати од две лица од с.Будаково, кои употребиле и тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.10.2022 во 20.30 часот во Полициската станица Прилеп, З.С.(62) од Прилеп пријави дека околу 20.15 часот на ул.„Андон Слабејко" бил физички нападнат со метален предмет од Д.Т.(53) од Прилеп. На 10.10.2022 во 23.10 часот, Д.Т. пријавил дека околу 20.30 часот на ул.„Андон Слабејко" бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2022 во 00.55 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека пред угостителски објект во Градски трговски центар во Кочани неколку лица физички ги нападнале В.Б. и С.Д., двајцата од Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2022 во 00.10 часот во Полициската станица Драчево, Н.Х.(46) од с.Батинци, скопско, пријавил дека на 10.102022 во 09.30 часот во с.Љубош неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.10.2022 во 16,00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека во Кочани бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Г.(37) и Љ.Ј.(55), двајцата од Кочани. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2022 во 17.30 часот СВР Скопје, Л.В.(29) од Скопје пријавила дека на 09.10.2022 во 20.00 часот во козметички салон на подрачјето на Аеродром во Скопје била физички нападната М.М. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.10.2022 во 16.40 часот во ОВР Крушево, С.Ш.(44) од Крушево пријавил дека во близина на споменикот „Питу Гули" бил каснат од куче, сопственост на Ј.К. од Крушево. По документирање на случајот против сопственикот ќе следи соодветен поднесок.

На 10.10.2022 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сопствениот дом бил пронајден починат Н.У.(41) од Скопје. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинителот телото на починатиот било дадено на одбукција.

На 10.10.2022 во 21.25 часот во Полициската станица Драчево, В.Д.(25) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет